Врз основа на член 56 точка 14 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), а во врска со член 9 од Правилникот за начинот на плаќање на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар, Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 05.06.2007 година, ја донесе следната

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ОСНОВНИОТ ПОЕН ОД ЧЛЕН 9 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЛАБОРАТОРИСКИТЕ ИСПИТУВАЊА ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПО УПАТ НА ИЗБРАН ЛЕКАР

Член 1

Во членот 1 од Одлуката за утврдување на вредноста на основниот поен од член 9 од Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар бр.02-7623/4 од 24.12.2001 година, донесена од Управниот одбор на Фондот, бројот: "5,20 денари" се заменува со бројот: "5,40 денари".

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на влегување во сила на измената и дополнувањето на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар донесена на седницата на Управниот одбор од 05.06.2007 година.

Бр. 02-7650/11
5 јуни 2007 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Аљбон Џемаили, с.р.